Број: 11 -1657/10
Датум: 20.06.2025
Скопје

Врз основа на член 50, член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2025 година, Глава II Проектни активности, точка 6. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош бр. 21/2024), и врз основа на Одлуката за објавување на Оглас за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр. 11 - 1657/4 од 16.05.2025 година, Комисијата за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, за Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, објавува

# ОГЛАС
## за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош

### I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот во општината и пошироко.

Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините, намената за кои ги барат средствата со финансиска конструкција и спецификација.

### II. Потребни документи и услови за учество

1. Потврда од матичната национална спортски федерација дека клубот се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба (да се наведат клубовите);
2. Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година;
3. Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;
4. Да имаат организирана и активна спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации во најмалку две селекции;
5. Решение за регистрација на спортскиот клуб (и решение од централен регистар не постар од 3 месеци);
6. Спортските клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат;
7. Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт односно АМС.

### III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

1. Ранг на натпреварување на сениорскиот тим, постигнувањата на сениорските клубови на националните спортски првенства со официјален документ од националната спортска федерација за последната натпреварувачка 2024/2025 година и

репрезентативци во сениорските тимови (документ од националната спортска федерација и да се наведат натпреварите);
2. Предност може да биде бројот на активни млади селекции кои се натпреваруваат во младите лиги и нивен пласман на табела за последната натпреварувачка 2024/2025 година, (документ од националната спортска федерација за постигнати резултати за натпреварувачката 2024/2025) и репрезентативци за соодветните млади селекции (документ од националната спортска федерација и да се наведат натпреварите);
3. Да достават резултати - табела на сите млади селекции со кои располага клубот;
4. Најмалку еден лиценциран тренер.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, финансиската поддршка за клубови кои имат сениорски тимови и млади категории, комисијата може да предложи најмногу до 120.000,00 денари и ќе се доделува според претходно изготвен правилник за оваа намена кој ќе биде објавен во прилог на овој оглас.
Клубови кои работат само со млади категории и имаат соодветни спортски постигнувања комисијата може максимално да предложи до 60.000,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За оглас за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на општина Карпош“.

## VI. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 04.07.2025 година.
Документите на спортските клубови кои се некомплетни нема да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАРПОШ**

Комисија за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска подршка за спорт и рекреација и за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош

Врз основа на член 50, член 22, став 1, точка 6, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), Советот на Општина Карпош ________ седница одржана на _______ 2025 година, донесе

# ПРЕДЛОГ- ПРАВИЛНИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош во остварување на јавниот интерес за дејноста спорт.

## СРЕДСТВА

### Член 2

Средствата за финансиска подршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се утврдуваат во буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

## ЈАВЕН ПОВИК

### Член 3

Финансиската поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се доделува по пат на јавен повик кој го распишува комисијата за еднократна финансиска подршка, финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение.

.

### Член 4

Оваа финансиска поддршка ќе биде наменета за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со програмата за дејноста спорт за 2025 година на Општина Карпош.

### Член 5

Финансиската поддршка за спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се доделува еднаш годишно.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

### Член 6

Финансиска поддршка се доделува на спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Карпош најмалку 3 (три) години.

## КРИТЕРИУМИ

### Член 7

Поблиски критериуми и услови за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт се:

- Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош

нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат, -
Ранг на натпреварување на клубот и постигнат пласман - резултат на крај од натпреварувачката 2024/2025 година,
- Да поседуваат Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот е нивен член и има активно учество во системот на натпревари во 2024 / 2025 година,
- Да имаат изработено годишна програма за работа и развој на клубот,
- Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето, организирано од матичните национални спортски федерации најмалку во две селекции,
- Да достават резултати - табела на сите млади селекции со кои располага клубот,
- Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци),
- Клубот да се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба.
- Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година.
- Најмалку еден лиценциран тренер.
- Учество на спортистите од клубот за национална репрезентација и настап на клубот на официјални меѓународни натпревари.
-Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт на РСМ (или претходно АМС)

**ФИНАНСИСКА ПОДРШКА**

**Член 8**

Висината на доделените средства ќе се одобруваат во зависност од рангот на натпреварување на сениорскиот тим, постигнувањата на сениорските клубови на националните спортски првенства со званичен документ од националната спортска федерација. Предност може да биде бројот на активни млади селекции кои се натпреваруваат во младите лиги и нивен пласман на табела, репрезентативци во сениорски и млади категории.

**Член 9**

Клубови кои немат сениорски тимови, а работат само со млади категории и имаат соодветни спортски постигнувања комисијата може максимално да одобри до 60.000,00 денари.

**КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР**

**Член 10**

Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Карпош со решение.

**Член 11**

Комисијата е составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена вработени од администрацијата на општината).

**Член 12**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

- Комисијата ги прибира и разгледува пристигнатите предмети и дава предлог и мислење до градоначалник.

- Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 13**

Градоначалникот има право да го прифати или измени предлогот од комисијата.

Правилникот влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен гласник на Општина Карпош”.

**ОПШТИНА КАРПОШ**

Комисија за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска подршка за спорт и рекреација и за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош